ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXII



## Кампања за превенција од малтретирање на деца/лица со интелектуална попреченост

# Животот како безбедна авантура



Скопје, декември 2009 година

## С О Д Р Ж И Н А

2 страна
***Изјава на Комитетот за правата на лица со попреченост***

3, 4 и 5 страна
***Промоција на кампања "Животот како безбедна авантура"***

6 страна
***Европска конференција "Креирање на услови за самостојно живеење"***

7 страна
***Европска конференција "Сиромаштијата помеѓу реалноста..."***

8 и 9 страна
***Манифест на ЕАСПД за инклузивно образование***

10 страна
***- Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес***
***- Работилници за SWOT анализа***

11 страна
***Активности на ПОРАКА Виница и ПОРАКА Демир Хисар***

12 и 13 страна
***Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје***

14 страна
***Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш***

16 страна
***Наша страница***

***"ПОРАКА"***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Декември 2009 год. Број 4, год. XXII**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@mt.net.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА***

# Изјава на Комитетот за права на лица со попреченост по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

***ЖЕНЕВА*** **-- На 3-ти декември 2009 година, Комитетот за права на лица со попреченост го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Оваа година одбележувањето помина на тема "Зајакнување на лицата со попреченост, со право да дејствуваат".**

**Како најнов правен договор за човекови права, Конвенцијата на Обединети нации за правата на лица со попреченост има за цел да им овозможи на лицата со попреченост еднакви права, стандарди и достоинство како и на сите други граѓани. Од кога влезе на сила, во март 2008 година со 20 ратификации, во период од една и пол година таа бројка се зголеми на 55 ратификации, што посочува на најактивен процес во историјата на меѓународните договори за човекови права, со истакната желба за промена. Денес, со 76 ратификации, Конвенцијата има водечка улога во процесот на зајакнување на лицата со попреченост со право да дејствуваат.**

**Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост не промовира некои нови права, но има многу голема важност во подобрување на животот на преку 650 милиони луѓе со попреченост во светот. Во 2006 година, по инаугурацијата на Конвенцијата на Обединети нации за правата на лица со попреченост, поранешниот Генерален секретар, г-дин Кофи Анан даде изјава која како ехо се слуша денес. Осврнувајќи се на Конвенцијата за правата на лица со попреченост, како најнов акт за човекови права, тој нагласи: "Премногу често лицата со попреченост се гледаат како предмет на исмејување или во најдобар случај им се пристапува со сожалување или милосрдие… На хартија, лицата со попреченост ги имаат истите права како и другите, но во реалниот живот, најчесто се оставени на маргините и им се скратени можностите кои ги имаат другите граѓани".**

**Меѓународниот ден на лица со попреченост дава можност да се согледа прогресот на Конвенцијата на Обединети нации за правата на лицата со попреченост до денес, но и да се потенцира што уште треба да се направи. За прогресот кој треба да се направи за имплементација на Конвенцијата на Обединети нации за правата на лица со попреченост, правото на еднакво признавање пред законот и правото или капацитетот да дејствуваат се едни од прашањата кои ја дефинираат и потребата од соодветни промени во животот на лица со попреченост. Ова се однесува на речиси секој аспект од секојдневниот живот на лица со попреченост.**

**Еден пример за неможноста да се дејствува е тоа што премногу често во судовите и во законскиот систем на лицата со попреченост им е одземена можноста да донесуваат одлуки и со акт се назначува друго лице кое ќе ги застапува.**

**Членот 12 од Конвенцијата на Обединети нации за правата на лица со попреченост, кој се однесува на еднакво признавање пред законот, предвидува законски постапки преку кои лицата со попреченост ќе имаат можноста за добијат "поддршка која би можела да им е потребна при практикување на деловната способност".**

**Оваа година, 3-ти декември и неделата со кампањи посветени на правата на лицата со попреченост креираше можности да се потенцира правото да се дејствува на приоритетна листа. Секоја организација која сака да придонесе во унапредување на правата и можностите на лицата со попреченост, преку различни активности нека ја потенцира потребата на лицата со попреченост да им се даде можност да живеат достоинствен живот како рамноправни граѓани во општеството.**

**Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА**

# Кампања за превенција од малтретирање на деца и лица со интелектуална попреченост

## “ЖИВОТОТ КАКО БЕЗБЕДНА АВАНТУРА”

Во рамките на својата програма за одбележување на 3-ти Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА ја промовираше **Кампањата за превенција од малтретирање на деца и лица со интелектуална попреченост под мотото *“Животот како безбедна авантура”*.** Промоцијата се одржа на 2-ри декември 2009 (среда), со почеток во 10:30 часот, во сала 1 во Домот на хуманитарни организации “Даре Џамбаз” во Скопје.

На промоцијата на кампањата присуствуваа 140 учесници - претставници од локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА, лица со интелектуална попреченост и нивните родители, претставници од ресорните министерства, институции и граѓански организации. Исто така, присутни беа пратеници - членови на Интерпартиската парламентарна лоби група за правата на лицата со попреченост од Собранието на Република Македонија, како и локални власти.

Модератор на промоцијата беше Петрит Сарачини, програмски менаџер во Македонскиот институт за медиуми.

Воведно обраќање на промоцијата имаше Претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, Чедомир Трајковски, кој се осврна на значењето на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Претседателот посочи на важноста на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и упати апел за што побрзо ратификување и имплементирање на Конвенцијата.

Министерот за труд и социјална политика, Џељаљ Бајрами, во своето обраќање истакна дека целта на кампањата, која РЦПЛИП - ПОРАКА ја реализира со поддршка од Министерството, е да се подигне свеста за важноста на прашањата произлезени од семејното насилство врз децата и лицата со попреченост и да се зајакнат организациите на лицата со попреченост да дадат свој придонес во заедничката борба против насилството и злоупотребата.





Презентацијата на д-р Василка Димоска, Програмски менаџер во РЦПЛИП – ПОРАКА, го пренесуваме во целост на следните страници од гласилото.

Јасминка Фришчиќ, Извршен директор во Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, ги пренесе искуствата од повеќегодишната работа на ЕСЕ на полето на семејсно насилство врз жените во Република Македонија и ја истакна неповолната состојба на жените со попреченост кои секојдневно трпат повеќекратна дискриминација и се соочуваат со насилство, злоупотреба и малтретирање.

Во рамките на промоцијата, а по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, РЦПЛИП – ПОРАКА додели плакети на:

- **Град Скопје,** како израз на признание за поддршката во обезбедувањето на континуитет на работата на Дневниот центар - ПОРАКА Скопје во 2009 година,
- **Општина Куманово,** како израз на признание за поддршката во обезбедувањето на континуитет на работата на Дневниот центар - ПОРАКА Куманово во 2009 година,
- **Општина Охрид,** како израз на признание за поддршката во обезбедувањето на континуитет на работата на Дневниот центар – ПОРАКА Охрид во 2009 година,
- **Чедомир Трајковски,** како израз на признание за придонесот во остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во 2009 година.

Благодарница беше доделена на **Министерство за труд и социјална политика,** како израз на признание за поддршката во обезбедувањето на континуитет на работата на три дневни центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во 2009 година.

Во рамките на промоцијата на кампањата, во холот на Домот на хуманитарни организации “Даре Џамбаз” беше поставена изложба на цртежи и ракотворби на лица со интелектуална попреченост.

## Промоција на кампањата “Животот како безбедна авантура”

### Обраќање на д-р Василка Димоска, Програмски менаџер во РЦПЛИП - ПОРАКА

Оваа година се одбележува 15 години од донесувањето на Договорот во Саламанка за Инклузивно образование - Образование за сите деца и 20 години од донесувањето на Конвенција на Обединетите нации за правата на детето. На денешен ден во 1993 година, Р.Македонија ја ратификуваше Конвенцијата за правата на детето. Исто така, на 31 март 2007 година, Р.Македонија ја потпиша Конвенцијата на Обединети нации за правата на лицата со попреченост, а во тек е кампања за нејзино ратификување. Сите овие меѓународни договори претставуваат механизми за креирање на политики за остварување на основните човекови права и слободи.

Во изминатиот период во јавноста се зборуваше за потребата од спречување на појавата на малтретирање, злоупотреба и насилство.

Станува збор за различни видови на невербални и вербални дејства и мисли. Препознавањето на знаците и симптомите на малтретирање, злоупотреба и насилство кај дете е тешко, а уште потешко е кога станува збор за деца и лица со интелектуална попреченост. Тие често не можат да се искажат дека биле злоупотребувани или не можат да разберат дека она што им се случило е лошо. Симптомите на малтретирање кај децата со интелектуална попреченост често се разбираат погрешно, или, пак, се игнорираат. Дијагностицирањето на малтретирање, злоупотреба и насилство најчесто се препознава преку:

- *Физички показатели воочливи кај самото дете,*
- *Показатели во однесувањето на детето,*
- *Показатели кои се евидентни во однесувањето и ставовите на родителите.*

Според, Светската здравствена организација постојат пет подвидови на малтретирање и злопотреба на деца: 1) физичка, 2) сексуална 3) емоционална злоупотреба, 4) занемарување и занемарувачки третман и 5) комерцијална или друга експлоатација.

Во реалноста, децата и лицата со интелектуална попреченост сеуште се една од најранливи групи на граѓани. Дефинирањето и класифицирањето на интелектуална попреченост е комплексно прашање. Во оваа група опфатени се лица со лесни оштетувања кои се способни самостојно да живеат со одредена поддршка, до лица со тешка и длабока попреченост кои зависат од поддршката на семејствата или професионалци.

Да се има дете со интелектуална попреченост не мора првенствено да значи “темна судбина”. Но, да се биде родител на дете со интелектуална попреченост потребна е способност за соочување и за прилагодување на безброј нови состојби. Чувството на целосна одговорност секојдневно да се одговори на овие потреби може да води кон стресни ситуации, а преголемиот стрес може да води кон малтретирање, злоупотреба и насилство. Оваа појава има шиорк спектар и најчесто тешко се препознава. Често пати, високиот степен на заштита од страна на родителот може да доведе до несвесна злоупотреба. Исто така, неприфаќањето на состојбата



на попреченост или нереалните очекувања кај родителот може да предизвикаат малтретирање или злоупотреба на детето со интелектуална попреченост.

Интелектуална попреченост на еден член од семејството само по себе претставува ризик-фактор кој стапува во интеракција со другите фактори.

Бидејќи не е јасно идентификувана ниту една специфична причина со која може да се објасни малтретирањето, злоупотреба и насилство врз децата и лицата со интелектуална попреченост, востановени се одреден број *ризик-фактори* кои се поврзани со овој проблем:

- *ризик-факторите кои предвидуваат висока веројатност на насилство;*
- *ризикфакторите кои се присутни на повеќе нивоа, почнувајќи од биолошките и индивидуалните фактори, па сè до факторите на социјалните нивоа на ризици.*

Ниеден ризик-фактор, сам по себе, не е доволен за да може да се предвиди дали едно лице е злоупотребувано, но колку е поголем бројот на ризик-факторите толку е поголема и веројатноста за оваа појава.

Попреченоста како состојба кај една индивидуа, сама по себе, не предизвикува насилство, но несомнено го зголемува ризикот. Во процената и анализата на ситуациите и ризик-факторите треба да се имаат предвид и заштитните фактори. Заштитните фактори се однесуваат на предностите и ресурсите кои се појавуваат при посредувањето или кои служат како „амортизер” наспроти ризик-факторите, промовирајќи ја флексибилноста наспроти негативните ефекти на искуствата од некој вид малтретирање.

Заштитните фактори поврзани со појавата на малтретирањето, злоупотреба и насилство кај деца/лица со интелектуална попреченост вклучуваат:

- *Фактор родител или згрижувач,*
- *Семејни фактори,*
- *Детски фактори,*
- *Средински фактори.*

Зборувајќи за ризик-фактори и заштитни факори, се наметнува потреба од дефинирање на превентивни мерки и стратегии. Тешко е да се дефинира превенцијата на оваа појава, најчесто се дефинира во соодност со времето на интервенција, целната група и главните цели.

# Промоција на кампањата "Животот како безбедна авантура"

Развивањето на стратегиите за превенција подразбира внимателно дефинирање на проблемот што треба да се разреши, утврдување на целите што треба да се постигнат, на активностите што треба да се преземат и на очекуваните резултати.
Постојат три нивои на превенција и тоа:

- *Примарно ниво*: превенција која се обидува да го стопира насилството, да ги измени или да ги подобри социјално-когнитивните процеси, односно вештините за решавање проблеми, моралното расудување, генерирањето на алтернативните решенија, менувањето на нормативните уверувања и ставови спрема агресијата и физичкото казнување,
- *Секундарно ниво*: тоа се напори за превенција, кои се насочени кон заштитата на специфичните целни групи,
- *Терциерно ниво*: превенција која се случува по секој настанат проблем за да се лекуваат последиците или да се избегне повторно случување.

Соодветната превенција ќе произведе значајни, долгорочни придобивки од различна природа, за потенцијалните жртви и за општеството во целина.
Во облици на превенција би ги споменала:

- Активности за подигнување на јавната свест насочени до широката јавност преку промовирање на потребите но и можностите на децата и лицата со интелектуална попреченост,
- Ресурсни центри за семејствата и програми за домашна посета ориентирани кон директна поддршка на семејствата кои имаат член со интелектуална попреченост,
- Програми за едукација на родители и родителски групи насочени кои зајакнување на семејните заштитини фактори и спречување на несакани појави во самото семејство,
- Програми за времено опфаќање и грижа за време на кризни ситуации, наменети за оние индивидуи кои веќе биле жртви на малтретирање, злоупотреба или насилство.

Негативните ставови кон различноста и состојбата на интелектуална попреченост, изразени од страна на многу лица, содржат елементи на отворена дискриминација. Понижувањето, стравот од физички контакт и презирот претставуват облици на насилство кои децата и лицата со интелектуална попреченост честопати ги трпат како жртви. Исто така, несоодветна употреба на одреден третман или интервенција од страна на професионалните кадри може да се смета за малтретирање, злоупотреба или насилство.



Предрасудите и неинформираноста доведуваат до поголема стигматизација кон оваа група на граѓани. Токму затоа, еден од приоритетите на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА е подигнување на јавната свест во однос на правата и потребите на лицата со интелектуална попреченост, потенцирајќи го пред сé потенцијалот и можностите на овие лица.

3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост е повод за отпочнување на кампања за превенција од малтретирање, злоупотреба и насилство на деца и лица со интелектуална попреченост "Животот како безбедна авантура".

Укажуваме на уште еден голем проблем, уште една реалност во секојдневието на децата и лицата со интелектуална попреченост.

Конзорциум на европски организации во кој РЦПЛИП - ПОРАКА беше партнер, како прв чекор во соочувањето со овој општествен проблем, изготви промотивен материјал кој претставува мал дел во активностите за подигнување на јавната свест, а служи како појдовна основа во пристапот кон овој комплексен проблем.

Промотивниот материјал вклучува две брошури и краток филм. Брошурите "Детство, попреченост и насилство" и "Животот како безбедна авантура" опфаќаат два клучни аспекти на оваа појава, во семејствата со член со интелектуална попреченост и иституциите кои професионално се посветени на работата со оваа група на граѓани. Краткиот филм "Авантурата на Сара" сликовито прикажува случка од секојдневието на дете со пречки во развојот.

Кампањата за подигнување на јавната свест има потенцијал да допре до различни групи и поединци во заедницата. Едуцирањето на јавноста очекуваме да резултира со подигнување на нивото на осознавање на потребите и проблемите на децата и лицата со интелектуална попреченост и со промена на ставовите и однесувањето кон нив. Целта на кампањата е да се пренесат пораките за превенција, промовирање на вештини за безбедност на детето и постапки за пријавување на можни случаи за малтретирање, злоупотреба и насилство на деца и лица со интелектуална попреченост.

Резултатите од превентивните активности на кампањата ќе придонесат за физичка, социјална и емоционална поддршка на децата и лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Сите активности и интервенции насочени кон поддршка на семејствата го намалуваат ризикот од појава на малтретирање, злоупотреба и насилство врз деца и лица со интелектуална попреченост.

**За сите понатамошни активности, консултации или пријавување на проблем може да ја користите веб-страната www.poraka.org.mk или да контактирате на телефон 02/3296-961.**

## Активности на Европската комисија и ЕДФ (European Disability Forum)

# Европска конференција
# “Креирање на услови за самостојно живеење”

***На Конференцијата по повод 3-ти декември, Европскиот ден на лицата со попреченост, Европската Комисија го потенцираше значењето на независното живеење: ”Мојот вистински живот почна кога имав 30 години, на денот кога ја напуштив институцијата и започнав да го живеам мојот живот”.***

Европската комисија, во соработка со ЕДФ, го одбележа Европскиот ден на лица со попреченост, со организирање на конференција на 3-ти и 4-ти декември во Брисел. Претставниците од движењето за права на лица со попреченост и политичарите/донесувачи на одлуки се фокусираа на потреба од “Креирање на услови за самостојно живеење”. Целта на конференцијата беше да се придонесе за подобро разбирање на прашањата поврзани со самостојното живеење, со посебен осврт на важноста на економската автономија, на сервисните служби во место на живеење и на помошните технологии.

Vladimir Spidla, Комесар за вработување, социјални прашања и еднакви можности се обрати на учесниците на конференцијата заедно со г-дин Juan Carlos Ramiro Iglesias - претставник од Шпанското тело за ЕУ претседателство во 2010 година и Jan-Marc Delizee, државен секретар за социјални прашања од Белгиската федерална влада.

### Што значи независно живеење?

Независното живеење е филозофија на самоодлучување за лица со попреченост, еднакви можности и само-почитување. Самостојното живеење ги бара истите можности за избор и контрола на секојдневниот живот како и кај останатите граѓани. Тоа значи да се расте во семејство, да се учи во најблиското училиште, да се користи јавен превоз како и другите, да работи на работно место кое е соодветно на образованието или на личниот интерес. Денес, илјадници лица со попреченост се принудени да живеат затворени во институции, во нечовечки и деградирачки услови и третман и не се во можност да ги практикуваат основните права - самостојно да избираат и одлучуваат за својот живот. Потребна е транзиција од неадекватни затворени институции до квалитетни сервисни служби во место на живеење, каде секоја индивидуа ќе има можност да го развие својот капацитет.




Креирањето на вистински услови за самостојно живеење е комплексен процес кој бара акција на сите политички нивоа - меѓународно, европско, национално, регионално и локално - како и вклучување на сите заинтересирани страни, вклучувајќи организации на лица со попреченост, локални власти, национални влади и европски политичари. Се нагласува улогата и придонесот кој може да го дадат институциите на Европската унија во промовирањето на самостојно живеење за лица со попреченост.

### Лицата со попреченост предлагаат 19 јасни акции за Европската Унија

ЕДФ и сите организации кои работат за остварување и подобрување на правата на лицата со попреченост, дефинираа 19 конкретни предлози за подобрување на европските политики, а се однесуваат на самостојното живеење. Правото на лицата со попреченост да живеат самостојно во заедницата со можност за избор како и другите луѓе е назначено во членот 19 во Конвенција на Обединети нации за правата на лица со попреченост. Ова право е суштинско за изедначување на можностите на лицата со попреченост, но и основа за еднаквост во сите сфери на живеење. Реализацијата и користењето на ова право исто така предвидува и фундаментални промени во неколку сектори во општеството. Самостојното живеење ја наметнува потребата од постоење на сервисни служби во место на живеење, физички пристапни и соодветни за лицата со попреченост. На овој начин, реализацијата на правото за самостојно живеење е клучно и за да се разбере што е сé потребно да се превземе за потполно спроведување на Конвенција на Обединети нации за права на лица со попреченост. Donata Vivanti, Потпрестедател на ЕДФ, нагласи:” Движењето за правата на лица со попреченост комплетно ја поздравува одлуката на Советот за ратификување на Конвенцијата на Обединети нации за права на лица со попреченост. Истовремено, навистина сме разочарани од сознанитето дека Европската комисија ќе чека на ратификација од сите земји членки, а потоа ќе ја прифати обврската за целосно спроведување на Конвенцијата. Даваме целосна поддршка на Претседателството на Шпанија да работи на потврдување и ратификување на Конвенцијата од страна на Европската Унија без понатамошно одложување”.

Ersebet Szollosi, Потпретседател на ЕДФ, додаде: “Самостојното живеење е фундаметално право и за лица со попреченост, а затворањето на институциите е еден од предизвиците кои треба да ги започнеме и реализираме. ЕДФ и лицата со попреченост ќе продолжат да работат во оваа насока”.

Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА во европски активности

# Европска конференција
# “Сиромаштијата помеѓу реалноста и сфаќањата: комуникациски предизвик”

***Одделението за социјална заштита и интеграција при Генералниот директорат за вработување, социјални прашања и еднакви можности на Европската комисија организираше Европска конференција на тема “Сиромаштијата помеѓу реалноста и сфаќањата: комуникациски предизвик”.***

***Конференцијата се одржа во Charlemagne центарот на Европската комисија во Брисел, на 29-ти октомври 2009 година.***

На конференцијата учествува 400 учесници – претставници на невладини организации, медиуми, национални и регионални власти од цела Европа. Од Република Македонија беа поканети само двајца претставници: Владо Крстовски од Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА и Герман Филков од Центарот за граѓански комуникации.

Програмата на конференцијата започна со поздравен говор и отварање од страна на Manuel Barosso, Претседател на Европската комисија, а продолжи со работа преку три панел дискусии.

Првата панел дискусија **“Како Европјаните гледаат на сиромаштијата и социјалното исклучување во контекст на криза”** опфати презентации на резултатите од двете нови студии - истражувања на Eurobarometar од страна на Mari O’Doneli - Директор за ресурси и комуникации при Генералниот директорат за вработување, социјални прашања и еднакви можности на Европската комисија и Antonis Papakostas – Раководител на одделението за истражување и политички анализи при Генералниот директорат за комуникации на Европската комисија. Беа презентирани статистички податоци од истражувања спроведени во сите земји членки на Европската унија.

Во втората панел дискусија **“Јавна комуникација – инструмент за политики за социјално вклучување”** беа презентирани ставовите и мислењата на Европската мрежа за борба против сиромаштија. Finton Farel, директор на оваа невладина мрежа на асоцијации и организации кои работата на полето на сиромаштија и заштита на социјално исклучени групи, ја имаше главната презентација, во која истакна дека:

1. **Сиромаштијата е феномен кој ограничува остварување на човекови права,**
2. **За надминување на сиромаштијата потребна е фер дистрибуција на јавните интереси, добра и услуги на сите,**
3. **Исто така, неопходно е мобилизирање на сите политики, затоа што сиромаштијата не може да се победи само со социјална политика,**
4. **Потребни се универзални сервисни служби и услуги во општеството за сите луѓе подеднакво (а не сиромашни сервиси за сиромашни луѓе),**
5. **Потребна е “здрава” демократија т.е. репрезентативна и партиципативна, која нема да ги исклучи маргинализираните групи,**




6. **Солидарноста низ целата земјина топка е основа на борбата против сиромаштија, затоа што борбата внатре во Европа е иста со борбите во другите делови на светот.**

Следеше обраќање на Vladimir Spidla, Европски комесар за вработување, социјални прашања и еднакви можности на Европската комисија кој потенцираше дека Европјаните треба да ја прифатат нееднаквоста и различноста како начин на постигнување на повисоки можности и просперитет за сите нас. Тој се осврна на сиромаштијата во Европа, која во услови на глобална рецесија, се повеќе се проширува. Поради тоа, борбата против сиромаштијата останува главен приоритет на Европската унија.

Третата панел дискусија **“Како европските медиуми ги третираат сиромаштијата и социјалното исклучување”** опфати презентации од страна на врвни европски новинари, меѓу кои и Wiliam Crowly од ББЦ - Северна Ирска, кој на многу интересн начин го претстави своето долгогодишно искуство како новинар кој работел на теми поврзани со социјално исклучени групи. Во основата на неговата презентација беше опфатена порака дека медиумите треба да изнајдат систематски пристап за документирање и известување за сиромаштијата и социјалното исклучување, кое не секогаш мора да биде поврзано со “лични стории”, туку треба да опфати аналитички пристап, со преглед на политичките опкружувања и социјални аспекти, т.е. прикажување на светот таков каков што навистина е. Тоа подразбира длабоко разбирање, а едноставно комуницирање.

**15 години од донесувањето на Изјавата од Саламанка за инклузивно образование**

## Европска конференција
## “Саламанка, 15 години потоа – Инклузија, училиште за сите”

# МАНИФЕСТ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

***На 12-ти и 13-ти ноември 2009 година, Комитетот на ЕАСПД за образование, заедно со Националната федерација на волонтерски тела од Ирска, одржа важна конференција во Даблин – Ирска, на тема “Саламанка, 15 години потоа – Инклузија, училиште за сите”. На конференцијата беше донесен Манифест за инклузивно образование.***

На Европско и на национално ниво, властите работат на реализирање на законските рамки кои овозможуваат инклузивно образование за сите.

Сепак, пред сите нас е долг пат пред да се постигне целта - општеството да понуди гаранирани еднакви можности за сите граѓани. Сѐуште постојат многу недоречености во однос на инклузивното образование, во посебното или редовното образование. Поради тоа, итно е потребна промена на моменталната состојба.

### *Што треба да се направи?*

**Принципи и вредности**

Меѓународните и европските документи:

- **Изјавата од Саламанка за инклузивно образование (1994 година);**
- **Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (член 24 – Образование);**
- **Протоколот на Конвенцијата за заштита на основните човекови права и слободи (Европска конвенција за човекови права, член 2 – Право на образование);**
- **Европската социјална повелба (ревидирана верзија), членови 15 и 17;**
- **Акциониот план за попреченост на Советот на Европа (2006 -2015 година), акциона линија 4 – Образование и други поврзани аспекти;**

јасно изразуваат дека сите деца и возрасни лица со попреченост (и нивните семејства):

- **имаат еднакво право на висококвалитетно и соодветно образование како сите други граѓани, со цел да се постигне максимумот на нивниот потенцијал да можат да придонесат за инклузивно општество;**
- **имаат право да изберат и да добијат образование во инклузивна средина;**
- **имаат право на специфични ресурси и експертиза во остварувањето на нивните образовни, терапевтски и граѓански потреби;**
- **имаат право на сервисни служби кои скогаш делуваат во нивен најдобар интерес.**



**Инклузивното образование:**

- **претставува доживотен процес каде редовните училишта и претшколските образовни структури се трансформирани на начин да сите деца/ученици се поддржани во постигнувањето на нивниот академски и социјален потенцијал, и кој вклучува отстранување на бариерите во средината, комуникацијата, наставата и наставните програми, социјализацијата и проценката на сите нивоа.**
- **значи развој на сеопфатен динамичен систем со континуитет на опции, каде посебните училишта постепено ќе прераснат во извор на експертиза која ќе биде достапна за образовните сервисни служби во заедницата.**
- **не е само прашање за децата со попреченост.**
  **Тоа треба да биде дел од пристапот “вклучување на сите луѓе” во кој секој ученик има вредност.**
  **Во однос на ова, посебно внимание треба да се посвети и на етничките, културните и религиозните малцинства.**
- **претставува одговорност на сите и мора да биде гледано како дел од развојот на инклузивно општество за сите. Тоа може да се постигне преку партнерство, вмрежување и заедничко учење од страна на сите засегнати страни.**
- **Бара заедничка споделена визија и силно водство на сите нивоа.**

## 15 години од донесувањето на Изјавата од Саламанка за инклузивно образование

### Обврска на ЕАСПД

Европската асоцијација на обрзбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) ќе:

- **придонесува за развој на европските политики за инклузивно образовние;**
- **обезбедува информации, модели на добри практики и поддршка за своите членки – организации;**
- **промовира позитивни ставови за инклузија, партнерство и можности за вмрежување;**
- **организира и промовира професионално вмрежување и настани за размена на искуства на европско ниво, особено преку проектот Патеки за инклузија.**

### Препораки за политичарите и креаторите на политики

Властите на регионално, национално и меѓунардно ниво треба да:

- **Ја реафимираат нивната посветеност за реалзирање на Изјавата од Саламанка за инклузивно образование,**
- **Ја употребат целосно Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, особено членот 24,**
- **Промовираат позитивни ставови кон инклузијата,**
- **Развијат политички и законски рамки за промоција на развојот на инклузивно образвоание, нагласувајќи го значењето на силната меѓусекторска, мулти-дисциплинарна соработка. Тоа треба да го направат во соработка со сите клучни чинители,**
- **Развијат, на Европско ниво, позитивен пристап кон инклузивното образование, како дел од Стратегиите на Европската Унија и Советот на Европа, употребен во политиките со реферница до Доживотното учење, Социјална инклузија, Анти-дискриминација и Граѓанство,**
- **Развијат акционен план насочен кон реформирање на постоечките образовни системи, вклучувајќи финан-сирање за транзиционите трошоци,**
- **Собираат и споредуваат веродостојни податоци за ефективноста и за компаративните трошоци,**
- **Обезбедат потребни ресурси за овозможување на вискоквалитетно индивидуализирано инклузивно образование,**
- **Го реформираат системот за обука на наставници со цел да ги подготват идните наставници и друг училишен персонал за ефективна работа во инклузивниот образовен систем,**
- **Им помогнат на посебните училишта да преминат во ресурсни центри и да му овозможат на нивниот персонал да ги постигнат новите задачи како поддржувачи на редовните училишта во реализација на образовните програми,**
- **Обезбедат посебни ресурси и центри за образвание за децата со посложени образовни потреби во рамките на инклузивниот училишен систем,**
- **Да понудат можност за образование почнувајќи од 3-годишна возраст. Сите деца, без оглед на нивните специфчни побарувања, треба да бидат вклучени во предучилишниот систем, кој треба да биде понуден бесплатно. Поддршка ќе биде потребно и во зависност од дијагнозата.**
- **Организираат и промовираат доволна поддршка за сите засегнати страни:**
  - **можности за заеднички обуки и семинари за инклузивно образование**
  - **асистивна информатичка технологија и комуни-кациски методи**
  - **педагошка/психолошка поддршка.**

### Препораки за организациите

Секоја индивидуална организација (специјализирана или општа) треба да:

- **Воспостави дијалог со лицата со попреченост, нивните семејства и/или нивните претставници и репрезен-тативни организации, синдикалните организации и власти со цел да се изгради заедничка визија и страте-гија за инклузивен образовен систем,**
- **Употребуваат индивидуален пристап на планирање насочен кон секое дете/ученик и да осигураат дека мрежата за поддршка е воспоставена и понатаму развивана,**
- **Промовираат позитивни ставови кон инклузијата на сите нивоа на образованието,**
- **Развиваат остварливи акциони планови и стратегии во соработка со семејствата и властите со цел да овозможи транзиција од посебни училишта кон инклузивни образовни структури и да се потпомогне промената во размислувањето на раководствата, персоналот и другите чинители,**
- **Обезбедат тимски пристап и мултидисциплинарен пристап на учење,**
- **Обезбедат курсеви, семинари и директни обуки кој ќе го потпомогнат процесот на транзиција за персоналот, со цел да се осигура дека нивната експертиза ќе биде употребена во новата средина,**
- **Обезбедат поддршка за персоналот, раководството, родителите и учениците во специфичните програми,**
- **Ги подготват идните наставници за работа во инклузивна средина,**
- **Потпомогнат соодветна лесна транзиција од предучилишно образование во основно образование, од основните училишта во средните училишта и од средните училишта во виското образование или работно оспособување и вработување.**

**Образовните политики и стратегии треба јасно да искажуваат дека целта е инклузија. Образовните политики и системи треба да ги земат во предвид потребите на луѓето при планирањето, финансирањето, мониторингот и евалуацијата на сите образовни стратегии. Главната цел на инклузивното образование треба да биде училиштето кое дава добри резултати и во кое сите чинители се вклучени, а сите ученици с третираат подеднакво.**

***"Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес" е програма која ја спроведуваат Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ) и Институтот за парламентарна демократија (ИПД) со финансиска поддршка на Националната фондација за демократија (НЕД)***

# Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес

Проектот се стреми кон соработка со граѓански организации кои веќе имаат добро портфолио на активности и се вклучени во иницијативи за застапување на граѓански интереси. **Главната цел на проектот е да го зајакне капацитетот на помала група на граѓански организации во областите на законодавно лобирање, застапување и мониторинг, вклчувајќи ја и нивната способност за градење на коалиции за прашања кои се од заеднички интерес за граѓанските организации и пратениците во Собранието на Република Македонија.**

После долгиот и професионален процес на селекција, врз основа на евалуациона матрица која беше развиена специјално за оваа цел, беа избрани четири граѓански организации да учествуваат во овој проект. Со оглед на делокругот и ограничените ресурси, Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ) и Институтот за парламентарна демократија (ИПД) беа во можност да изберат само четири граѓански организации кои ќе учествуваат во серијата обуки и работилници и ќе добијат последователна поддршка.

Четирите граѓански организации кои беа избрани да учествуваат во проектот се активни во изминатите години во голем број на иницијативи во граѓанскиот сектор. Избраните организации и иницијативите кои тие би сакале да ги преземат како дел од проектот се:

- НВО *Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА* (Ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост)
- НВО *Конект* (Надгледување на имплементацијата и изменување на Законот за донации и спонзорста во јавни дејности)
- НВО *Младински образовен форум* (Донесување на Закон за студентско организирање)
- НВО *Хуманитрано и добротворно здружение на Ромите, Месечина Гостивар* (Донесување на Закон за антидискриминација)



НДИ се фокусира на техничка поддршка за зајакнување на капацитетите на избраните граѓански организации за застапување, преговарање, законодавно истражување, креирање на предлог - законски акти, буџетски вештини, односи со медиуми и вештини за градење на коалиции за специфична легислатива. НДИ, во партнерство со ИПД, до денес дизајнираа и успешно реализираа два модули – работилници за зајакнување на капацитетите, кои беа креирани во согласност со специфичните потреби на четирите партнерски организации. Темите на двата модули беа: *Зајакнување на внатрешните и мобилизациски капацитети на партнерските граѓански организации* (Маврово, 20-ти и 21-ви октомври 2009 година) и *Зајакнување на способностите за комуникација со јавноста и водење на кампања* (Охрид, 17-ти до 19-ти ноември 2009 година). Двата модули беа водени од страна на искусни обучувачи со широка експертиза во областите кои беа покриени. Третиот семинар ќе биде организиран во пролетта 2010 година. Темите на обуките вклучуваат: механизми за развој на јавни политики во Македонија, истражувања/прегледи и табелација, буџетски вештини, градење на коалиции и преговарање, јавен говор и односи со медиуми.

***Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА***

# Одржани работилници за SWOT анализа

Како дел од програмските активности за координација и поддршка на работата на своите локални организации и сервисни служби, РЦПЛИП – ПОРАКА секоја година организира работилници за SWOT анализа на состојбите во локалните организации и сервисните служби. SWOT анализата е алатка која е мошне корисна за проценување на актуелната состојба внатре во организацијата, со сите нејзини предности и слаби страни, но и можностите и заканите кои доаѓаат од средината. Доколку реално и објективно се изготви, анализата претставува добра основа за подготвување на реални и ефективни планови и изнаоѓање на начини за надминување на слабостите.

Оваа година, РЦПЛИП -ПОРАКА одржа две работилници за разработување на добиените SWOT анализи. Првата работилница се одржа во Скопје, во просториите на РЦПЛИП – ПОРАКА, на 09.10.2009 година. На оваа работилница учествуваше по еден претставник од 16 локални организации на РЦПЛИП – ПОРАКА. Втората работилница се одржа во дневниот центар – ПОРАКА Скопје на 17.10.2009 година, а учествуваа сите ангажирани лица од дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА од Радовиш, Куманово, Скопје и Охрид.

На работилниците секој од учесниците имаше можност да ја презентира SWOT анализата. Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА и останатите учесници, по секоја презентација, даваа забелешки и совети во однос на работењето на секоја од локалните организации и сервисните служби, истакнувајќи ги и позитивните примери.

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар

# Одбележување на 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост во Демир Хисар



Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Демир Хисар организираше повеќе активности за одбележување на 3-ти декември, Меѓународен ден на лица со попреченост. Една од активностите беше распишаниот конкурс за ликовни и литературни творби на тема "Подајте ни рака за да немаме мака" за учениците од основно и средно образование.

На 27.11.2009 година, претставници на ЦПИЛИП-ПОРАКА Демир Хисар оствarија средба со Градоначалникот на општина Демир Хисар, г-дин Тони Ангелевски, на која се дискутираше за потребите и проблемите со кои се соочува организацијата. Главен приоритет е обезбедување на просторија за работа, а Градоначалникот вети дека ќе ги разгледа можностите за обезбедување на работен простор.

На 30.11.2009 година, класниот час во основните училишта "Гоце Делчев" – Демир Хисар, "Браќа Миладиновци"- с. Жван, "Даме Груев" с. Смилево и во Општинското средно училиште "Крсте Петков Мисирков" беше посветен на Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На класниот час беа презентирани материјали на тема "Што е интелектуална попреченост?" подготвени од ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар.

На 3-ти декември, во Домот на културата "Илинден" беше одбележан Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Присуствуваа преставници од локалните институции, невладини организации, ученици од основните училишта и медиуми. Покровител на оваа манифестација беше Градоначалникот на општина Демир Хисар, а поддршката од локалната самоуправа беше презентирана од г-дин Томе Милошоски. Претседателот на ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар, по краткиот осврт за значењето на Меѓународниот ден на лица со попреченост ја презентираше и претстојната кампања за превенција од малтретирање, злоупотреба и насилство на деца и лица со интелектуална попреченост **"Животот како безбедна авантура"** организирана од РЦПЛИП - ПОРАКА. На овој настан беа доделени и наградите освоени на распишаниот конкурс. **Првата награда ја освои Марина Велковска од ОУ "Гоце Делчев" од Демир Хисар за творбата "Ти подавам рака"; втората ја освои Виктор Илиовски од ОУ "Гоце Делчев" со творбата "Хумани луѓе подајте му рака", а третата беше доделена на Андријана Ѓеорѓиоска од ОУ "Даме Груев" од с. Смилево за творбата "Подајте ни рака за да немаме мака".**

На наградените им беа врачени книги донирани од Демирхисарските писатели и поети: Горјан Петревски, д-р Менде Солунчевски и Златко Бошевски. Беа доделени и скромни подароци од училишен прибор обезбедени од ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар и пофалници за избраните три песни и едно прозно дело.

**За даден придонес во спроведување на активностите во измината година благодарници беа доделени на: Градоначалникот на општина Демир Хисар; Домот на култура, Здружението на пензионери, Црвен крст – Демир Хисар, ОУ "Гоце Делчев" – Демир Хисар, ОУ "Браќа Миладиновци" - с. Жван , ОУ "Даме Груев" - с. Смилево, Општинското средно училиште "Крсте Петков Мисирков", Центарот за социјална работа - Демир Хисар, г-дин Борис Дамевски, д-р Менде Солунчевски и д-р Јагода Филиповска.**

За активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар изработени се: брошура за остварување на права од социјална заштита, брошура за отварање на социјален клуб, активности и приоритети на ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар, алманах за наградените и пофалените литературни творби, леток за 3-ти декември – Меѓународен ден на лица со попреченост и други материјали за подигнување на јавната свест кај граѓаните на општина Демир Хисар.

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Виница

# Посета на Специјалниот завод - Демир Капија

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Виница по вторпат оваа година организираше и реализираше посета на штитениците во Специјалниот завод - Демир Капија кои потекнуваат од општина Виница. Посетата беше организирана на 25.10.2009 година, а во истата учествуваа родители, старатели и блиски членови на семејствата на штитениците.

И оваа посета како и претходните кои се организиарани од страна на ЦПЛИП - ПОРАКА Виница, беше целосно финансиски покриена од страна на локалната самоуправа.

И овој пат, ЦПЛИП - ПОРАКА Виница беше спроведена собирна акција за алишта кои беа донирани во Специјалниот завод - Демир Капија. Исто така, ЦПЛИП - ПОРАКА Виница обезбеди и прехрамбени пакети за штитениците во Специјалниот Завод.

## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Одбележување на 3-ти декември

Корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје работно го одбележаа 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. По повод 3-ти декември, во просториите на дневниот центар се одржаа заеднички работилници со две организации со кои што дневниот центар има воспоставено одлична соработка.

На работилницата учествуваа волонтери од Црвениот крст на град Скопје и ученици од О.У. "Љубен Лапе". На работилниците се изработуваа честитки и украсни кеси за подароци.

Ова беше убава можност за дружење и споделување на искуствата и активностите кои што се спроведуваат од лицата со интелектуална попреченост во дневниот центар со други млади лица, но исто така и можност за подигање на јавната свест кај младите граѓани во однос на правата и потребите на лицата со интелектуална попреченост.







# Во киното Рамстор

Повторно, како знак на добрата соработка со киното Рамстор, ни беше овозможено да присуствуваме на уште една филмска проекција. Овојпат, тоа беше проекција на филмот "Ice age 3".

Возбудата од филмското платно кај никого не изостанува, па така ни кај корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје. И на крај што да се каже за персоналот во киното Рамстор, освен едно големо Благодарам.

# На изложба во галеријата Остен

Со цел да учествуваме на сите актуелни културни настани, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје ја посетија галеријата Остен.

Поводот беше примамлив, а тоа е Светската изложба на карикатури. На изложбата имавме можност да се запознаеме со еден специфичен вид на цртеж кој разви голем интерес кај лицата со интелектуална попреченост, можност за протолкување на цртежите и се разбира - смеа. Интересот за овие слики и цртежи ни остава простор за понатамошна соработка со галеријата Остен и посета на уште вакви настани.



## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Во фабрика за пластика “Пластекс”

Социјалните активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје вклучуваат посети на разни производствени погони, со цел да го доближиме работниот процес до лицата со интелектуална попреченост.

Интересно е да се види како функционира една фабрика дотолку повеќе што и самите лица со попреченост можат да бидат вклучени во дел од тој процес. За таа цел ние ја посетивме фабриката за производство на пластични кеси Пластекс. Љубезните домаќини ни овозможија да се запознаеме со целиот тек на производството и функционирањето на разните машини што кај лицата со интелектуална попреченост остави убав впечаток и запознавање со работниот процес.






# Посета на Високата школа за новинарство и односи со јавноста

Како дел од соработката со разни образовни институции, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје ја посетија Високата школа за новинарство и односи со јавноста.

По краткото претставување на двете организации и запознавање со дејноста која ја вршат истите, лицата со интелектуална попреченост имаа можност да се запознаат и практично со начинот на работа, како и да учествуваат во вежбите на студентите на Високата школа. Беа вклучени во разни активности: давање интервјуа, некои читаа вести и најголемата возбуда претставуваше радио станицата каде што беа: “радиоводители”, пуштаа музика и пееја.

Ова претставуваше ново и возбудливо искуство за лицата со интелектуална попреченост и тие беа многу задоволни од посетата, така што добивме уверување од љубезните домаќини дека оваа соработка ќе продолжи. Упатуваме голема благодарност до сите во Високата школа за новостекнатите искуства.

# Отворање на велосипедска патека во општина Аеродром

На покана од здружението “Проактива”, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје зедоа учество на манифестацијата по повод пуштањето во употреба на новата велосипедска патека во општината Аеродром.

Покрај воведните говори на Градоначалниците на општина Аеродром и на град Скопје и на Амбасадорката на Холандија, на манифестацијата имаше и културно забавна програма.

Сепак, најзабавна беше можноста на дел од корисниците, оние кои умеат, да учествуваат во возењето на велосипед по новоотворената патека. Во секој случај, убаво е што бевме вклучени во ваков тип на настани кои се случуваат во општината Аеродром.



## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

# Хумана акција на средношколци - членови на Црвениот крст – Радовиш

На 18.11.2009 година, корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш имаа можност да се дружат со ученици од средното училиште “Коста Сусинов” кои се членови на Црвениот крст – Радовиш и кои го реализираат проектот “Црвен крст во акција – хумани вредности на дело”

Со оглед на тоа што повеќето од нив за прв пат имаа можност да посетат дневен центар за лица со интелектуална попреченост, на почетокот им го објаснивме начинот на функционирање и кои се придобивките од постоењето на дневниот центар во Радовиш. Веднаш беше покажан интерес за соработка и заеднички активности и вклучување на корисниците на дневниот центар во активностите на проектот на Црвениот крст на Радовиш.






На 26.11.2009 година, во попладневните часови корисниците беа на заедничко дружење со средно-школците во кафулето “Таргет”.

Задоволството кај корисниците беше големо, осбено кај оние кои за првпат влгеуваат во кафуле, место каде се собираат нивните врсници, да испијат сок и да слушаат музика. Бевме прекрасно примени од страна на персоналот на кафулето за што им благодариме.

Активностите продолжија истиот ден, со почеток во 19:00 часот, во Домот на културата “Ацо Караманов”, каде што по повод 3-ти Декември , Меѓународниот ден на лицата со попреченост, беше одржан хуманитарен концерт за промоција на еднаквост, права и поддршка за лицата со интелектуална попреченост. На концертот настапија Гараж бенд, Акустик бенд, Татјана Јованова и Викторија Ристова.

Сите присутни во салата, меѓу кои најмногубројни беа младинците од нашиот град, со својата хуманост придонесоа за подигнување на јавната свест во однос на правата и потребите на лицата со интелектуална попреченост во нашата општина.

На 27.11.2009 година, групата средношколци донираа прехрамбени продукти и средства за хигиена за потребите на дневниот центар, кои беа набавени со собраните средства од хуманитарниот концерт.

Упатуваме голема благодарност до нашите млади пријатели од Црвениот крст - Радовиш, за нивната самоиницијативност и посветеност во реализацијата на сите овие активности, со надеж дека ваквата соработка, на обострано задоволство, ќе продолжи и во наредниот период.





## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

# Рекреативна активност на Пилав Тепе

Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш, на 28.10.2009 година реализираа рекреативна активност во познатиот комплекс “Пилав Тепе” кој е сместен во прекрасен природен амбиент на патот кон Штип. Од ова место можат да се забележат убавините на планината Плачковица, да се прошета во убавата природа и да се посети манастирот Св. Пантелејмон кој се наоѓа во непосредна близина.

По прошетката, сите корисници беа почестени со ручек во ресторанот “Пилав тепе” кој е сопственост на сестрата на еден од нашите корисници. Сите бевме пресреќни од ова заедничко дружење, кое заврши со песна и желба за повторување на оваа рекреативна активност.



# Следење на културно - уметнички настани во Радовиш

Во рамките на социјалните активности кои ги реализираат на корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш, континуирано е присутно следењето на културно - уметничките настани во општината Радовиш.

Така и на 22.10.2009 година, корисниците на дневниот центар присуствуваа на концертот на народни песни од радовишкиот и источниот крај на нашата држава.

Концертот се одржа во Домот на култура “Ацо Караманов”, а настапија групите “Распеани Радовишани” и “Серенада”, како и неколку гости од Бугарија кои го претставија својот мелос.

Станувaше збор за сплет на македонски народни изворни песни кои веќе им се познати на нашите корисници, што придонесе за вистинско уживање и задоволство од концертот.

# Посета на Радио Алфа и кабелска телевизија Андес нет

На 1.12.2009 година, корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш ги посетија Радио “Алфа” и кабелската телевизија “Андес нет” во Радовиш.

Како големи љубители на музиката која ја слушаат токму на радио “Алфа”, корисниците беа воодушевени од просторот и техниката со која е опремено студиото.

Повеќемината од нив го препознаа гласот на водителката која редовно ја слушаат на оваа програма, а секако најинтересно беше нејзиното место зад “големиот” прозорец од каде ја информира јавноста за сите нови случувања. Врабтените во радиото пријатно ги






изненадија корисниците со тоа што им подарија по едно цеде со забавна музика која ќе можат дома да ја слушаат.

Во другите простории на истото место, корисниците на дневниот центар имаа можност да се запознаат со работата во кабелската телевизија “Андес нет” која емитува широк спектар на програми во речиси сите домови во нашиот град.

Големиот број на уреди и техничка опрема делуваше интересно за нашите корисници, а важно им беше што го видоа местото од каде се емитуваат емисиите, вестите и филмовите кои секојдневно ги гледаме на малите екрани.

# Наша Страница

## Донација од рудникот “Бучим” за дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

По повод 30-годишниот јубилеј од започнувањето со работа на рудникот “Бучим” кој е синоним и гордост на општина Радовиш, менаџерскиот тим на рудникот на чело со заменикот генерален директор г-дин Николајчо Николов, го посети дневниот центар и донираше нов фотокопир за потребите на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш.

Тргнувајќи од сопственото мото дека секогаш треба да им се помага на оние на кои таа помош им е неопходна и од својата заложба дека континуирано ќе ја поддржува работата на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш, г-дин Николов овозможи дневниот центар да го добие потребниот фотокопир.





По повод 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, г-дин Николов повторно ги посети корисниците и им подари полна корпа со слатки, посакувајќи им добро здравје и посреќни денови. Иницијативата на нашите големи пријатели, г-дин Николов и рудникот “Бучим” е пример за останатите субјекти од бизнис секторот во општината како треба да ги поддржуваат социјалните сервисни служби кои се од јавен интерес.

ISSN 0350-5863